Архивски знак: 0401
Рок на чување: 1 год.
_____201___ година
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ
MINISTRIA E SPORTIT
Бр.-Nr. 04-1627/1
18-07-2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 11, член 30 став 1 алинеја 2 и став 3 и 5, член 48 став 4 и член 49 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 259/24), Правилникот за систематизција на работните места во Министерство за спорт (01-2389/1 од 29.10.2024) и Измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за спорт (04-557/1 од 04.03.2025), државниот секретар на Министерство за спорт спорт објавува

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025

За унапредување на административен службеник

1. УПР 01 01 В01 000 Советник за општи работи, Одделение за општи работи, Сектор за правни и општи работи, 1 (еден) извршител

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Општествени науки-право и воспитание и образование
- најмалку три години работно искуство во струката
- да е оценет со оцена „А" или „Б" од 3(три) последни годишни оценки;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Општи работни компетенции на средно ниво**:

- Решавање на проблеми и одлучување за работи од свој делокруг
- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати
- Работење со други/тимска работа
- Стратешка свест
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време**:

Работни денови: понеделник – петок
Работни часови: неделно 40
Работно време: од 08:30 до 16:30
Паричен нето износ на плата: **36.382,00 денари**

Кандидатите е потребно да поднесат пријава за унапредување на административен службеник.

Кандидатите е потребно пополнетата пријава заедно со доказите содржани во пријавата да ги достават на службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси – Imran.Shiroki@ms.gov.mk, и пополнета пријава заедно со доказите во пријавата преку архивата на Министерство за спорт да ги достават до Одделението за управување со човечки ресурси.

Пополнетата пријава, како и доказите за податоците содржани во пријавата потребно е во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас, во хартиена форма преку архивата на Министерство за спорт, да ги достават до Одделението за управување со човечки ресурси.

Кон пријавата кандидатот може да приложи:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на web страната на Министерство за спорт и на web страната на Агенција за администрација.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

САШО ОГЊЕНОВСКИ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR